








МАКЕДОНИЈА

# Полицијата во Гевгелија спречи обид за убиство на поранешен партнер врз девојка, лишени од слобода две лица

**Денеска (13.10.2025) во Гевгелија, полициски службеници од ОВР Гевгелија ги лишиле од слобода Ј.Г. и Л.Г. од Гевгелија.**




Прегледи:
720

Објавил: Administrator

13 октомври 2025, 18:49

Сподели
Сподели

Имено, во 14:42 часот, М.П.(25) од Гевгелија пријавила дека влезната врата од нејзиниот дом тропале нејзиниот поранешен партнер Ј.Г., кој користел отсуство од Казнено-поправна установа, заедно со Л.Г., и се закануvале и притоа слушнала репетирање на огнено оружје. Набргу, полициски службеници пристигнале на местото, извршен е преглед на лицата, а во ормарот за чевли пронашле пиштол без рамка.Извршено било и алкотестирање и кај Л.Г. биле измерени 3,3 промили алкохол во крвта, по што двајцата се лишени од слобода.

По целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесена пријава по член 386 од Кривичниот законик.




Бидете информирани следете не на Facebook

АВТОМОБИЛИЗАМ

# Кинески производител на автомобили е хит во Британија- продажбата порасна за дури 880 проценти

**Кинескиот автомобилски гигант BYD доживеа неверојатен успех во Велика Британија, каде што продажбата на автомобили скокна за 880 проценти за само една година.**




Прегледи:
1

Објавил: Administrator

14 октомври 2025, 18:44

Сподели
Сподели

Компанијата сега вели дека пазарот во Велика Британија станал нејзин најголем надвор од Кина, што означува историски пресврт за глобалната автомобилска индустрија.

BYD продаде 11.271 автомобили во Велика Британија во септември, при што plug-in хибридната верзија на нивниот SUV Seal U учествуваше со најголем дел од продажбата. Здружението на британски производители на автомобили (SMMT) потврди дека продажбата на електрични автомобили во земјата достигна рекордно високо ниво, при што BYD се проби меѓу 10-те најпродавани модели заедно со брендови како Kia, Ford и Nissan.

Велика Британија стана особено привлечен пазар за кинеските производители бидејќи не воведе царини за кинески електрични автомобили, за разлика од Европската Унија и Соединетите Американски Држави. Овој потег му овозможи на BYD брзо да го зголеми својот удел и сега држи 3,6 проценти од пазарот во Велика Британија.

**Британците купуваат кинески автомобили како никогаш досега**

BYD планира да лансира повеќе електрични и хибридни модели во наредните месеци, а неговиот менаџер за Велика Британија, Боно Ге, изјави дека „иднината на брендот во Британија е исклучително возбудлива". BYD неодамна го отвори својот 100-ти салон, дополнително зајакнувајќи го своето присуство на островот.

Во исто време, продажбата на електрични автомобили во Британија достигна рекордно високо ниво. Само во септември беа продадени речиси 73.000 целосно електрични возила, додека хибридите со приклучок забележаа уште побрз раст. Сепак, бензинските и дизел автомобилите сè уште сочинуваат повеќе од половина од продажбата на нови автомобили, според податоците на SMMT.

Минатата година, Европската Унија воведе царини до 45% за увоз на кинески електрични возила, со цел да ги заштити сопствените производители. САД исто така следат слична политика, каде што кинеските брендови како BYD се практично исклучени од пазарот. И покрај ова, BYD го престигна Tesla на глобално ниво и стана најголем производител на електрични возила во светот.

**Британската субвенција ги исклучува кинеските модели**

Британската влада инвестираше 650 милиони фунти во програма за субвенции за електрични автомобили ова лето, но одлучи да ги исклучи кинеските брендови поради нивните наводно повисоки емисии за време на производството. Купувачите сега можат да добијат субвенции до 3.750 фунти за модели од брендови како што се Nissan, Peugeot и Vauxhall, но не и BYD.

Компанијата изјави дека одлуката е неправедна и може да го забави развојот на британскиот пазар на електрични возила. „Ваквите одлуки не им помагаат на потрошувачите, туку само создаваат пречки во индустријата која треба да расте", соопшти BYD.

Додека Западот се бори со царини и политички тензии, кинеските автомобили тивко ги освојуваат пазарите. BYD сега е симбол на нова автомобилска револуција: побрзиот раст, пониските цени и агресивната експанзија надвор од Кина покажуваат дека глобалната доминација во автомобилската индустрија можеби веќе се префрла на Исток.

Тагови: автомобили Британија




ПРЕТПЛАТЕТЕ СЕ НА НАШИОТ NEWSLETTER

Е-маил

Претплати се

СВЕТ

# Москва го обвини Ходорковски за заговор за преземање на власта

**Руската Федерална служба за безбедност (ФСБ) денеска соопшти дека отворила кривична постапка против протераниот критичар на Кремљ, Михаил Ходорковски, обвинувајќи го за создавање „терористичка организација" и заговор за насилно преземање на власта.**

Прегледи:
135

Објавил: Administrator

14 октомври 2025, 18:35

Сподели
Сподели

ФСБ соопшти дека истражува повеќе од 20 лица поврзани со случајот, вклучувајќи го истакнатиот дисидент Владимир Кара-Мурза, поранешниот светски шампион во шах Гари Каспаров, поранешниот премиер Михаил Касјанов и истакнатите економисти Сергеј Алексашенко и Сергеј Гуриев.

Овој потег доаѓа помалку од две недели откако Парламентарното собрание на Советот на Европа, кое делува како форум за човекови права за претставници од 46 европски земји, објави дека создава „платформа за дијалог" со руските демократски сили во егзил.

ФСБ во соопштението наведува дека Ходорковски тоа го претставува како опозициска руска влада во егзил. ФСБ, исто така, го обвини за финансирање на украински паравоени единици со цел да ги користи во обид да ја преземе власта.

Ходорковски ги негира обвинувањата, нарекувајќи го овој кривичен случај знак дека Кремљ ја гледа иницијативата на Советот на Европа како „голем проблем".

- Затоа и доаѓаат новите случаи на „преземање на власта", лаги за „регрутирање" и „вооружување на украинската армија", објави тој на Телеграм.

Русија го напушти Советот на Европа во 2022 година, соочувајќи се со протерување поради инвазијата на Украина.

Случајот веројатно нема да им донесе ништо ново на овие Руси, кои веќе живеат во странство и се соочуваат со можност за апсење ако се вратат во својата татковина.

Тагови: москва Ходорковски




НАЈВАЖНИ ВЕСТИ

Почина Владимир Блажев-Панчо – бројот на загинатите од кочанската трагедија достигна 63
15:00

Почина Панчо од ДНК, уште една жртва од трагичниот пожар во „Пулс"
11:34

Последни четири дена од изборната кампања
08:45

Повторена пресуда за случајот „Меѓународен сојуз": Боки 13 осуден на 5 години затвор
15:16

Екс директорот на неврологија Кузмановски кој беше разрешен од Алиу седум месеци немал активна лиценца за работа
15:08

МАКЕДОНИЈА

# Мицкоски: Кампањата речиси завршува, а Венко не сопре со црна кампања, свесен е дека тоне

**Христијан Мицкоски, претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, имаше свое обраќање на денешниот народен митинг во Пробиштип, во рамки на изборната кампања со слоган,,Вистинскиот избор! Твојот човек! Твоето место! За твојата иднина!", за претстојните локални избори.**

Прегледи:
142

Објавил: Administrator

14 октомври 2025, 18:26

Сподели
Сподели

Мицкоски се осврна на како што вели тој, неформалната коалиција за локалните избори составена од СДСМ, ДУИ и Левица, кои се обединети од желбата за власт и омразата кон ВМРО-ДПМНЕ. Според него, на овие локални избори тие настапуваат со црна кампања, а не нудат никакви проекти, никаква визија ниту стратегија.

,,Кога зборувам за нашите противници зборувам за една непринципиелна коалиција, која што е составена од во суштина три политички партии, која што се обединила поради две главни причини, првата е желбата за власт, по било која цена. И втората е, патолошката омраза која што ја имаат кон ВМРО-ДПМНЕ. Тоа е коалицијата на СДСМ, на ДУИ, и политичката партија Левица. На некои места, оваа коалиција е формална, на некои полуформална, но во суштина, тоа е тој опозициски блок, кој што на овие избори излегува тотално без никаква програма", вели Мицкоски.

Мицкоски истакна дека опозициската СДСМ за претстојните локални избори не нуди ниту проекти, ниту визија, туку само се фокусира на црна кампања уште од првиот ден.

,,Од првиот ден, заклучно со денеска, ние не слушнавме ниту еден проект, не слушнавме никаква визија, никаква стратегија, од нив не слушнавме како планираат и каде планираат да ја водат Македонија. Од нив слушнавме само три, условно кажани, политички пораки во оваа кампања. Првата е, црната кампања која што ја водат од првиот ден, па се до ден денес. Против мене се разбира најмногу и против ВМРО-ДПМНЕ. Втората политичка порака која што ја испратија е дека тие се политички наследници и претставуваат континуитет на тоа што претставуваше влада 7 години во Македонија, коалиција СДСМ-ДУИ. Третата политичката порака е дека тие се грижеле и се бореле за нашиот дом", истакна Мицкоски и додаде:

,,Црната кампања наспроти целата теорија и целата пракса, започна од првиот ден во оваа кампања. Ние немаме емитувано ниту еден негативен спот. А, веќе завршува кампањата во првиот круг. Ниту еден негативен спот".

Мицкоски истакна дека, иако има многу причини да се потсетат граѓаните на неуспесите на претходната влада, ВМРО-ДПМНЕ избира позитивна кампања фокусирана на проекти и иднината.

,,А верувајте, имаме таква инспирација да ги потсетиме граѓаните, за тоа што го работеа 7 години, што ако почнеме рано наутро малку ќе ни биде еден ден сето она лошо што го направија додека 7 години беа влада. Но, рековме не. Ние сакаме да бидеме Влада која што ќе се обиде да ја врати надежта кај луѓето, и сакаме да зборуваме за убави работи, за проекти, да зборуваме за иднина. Сакавме тоа да го доближиме до граѓаните. Што е тоа што ние го сработивме. И што е тоа што ќе го сработиме. А тие, со ад хоминем напади, со ниски страсти. Прво ми посакаа, ќе било штосно ако го виделе моето тело распарчено и спакувано во куфер, за да потоа претседателот на СДСМ, претпоставувам инспириран, бидејќи неговиот политички гуру седеше во првиот ред, во еден занес, кажа дека тие нас не не мразеле туку не презирале. Тоа претпоставувам треба да е степен над омраза, барем според нивната филозофија. Инаку, човекот е педагог, редовен професор на факултет, кој што пледира утре да ја води државата. Тоа е тоа што го нуди СДСМ на овие избори", заклучи Мицкоски.




Бидете информирани следете не на Facebook